# ЗАПИСНИК

од 10-та седница на Управниот одбор на ЗЕЛС
Скопје, 10 ноември, 2022 г.

**<u>Присутни</u>**:

Данела Арсовска (Градоначалник на Град Скопје), Перо Костадинов (Градоначалник на Општина Валандово), Фарук Невзади (Секретар на Општина Чаир), Сашко Митовски (Градоначалник на Општина Крива Паланка), Нухи Незири (Градоначалник на Општина Теарце), Еркан Арифи (Градоначалник на Општина Липково), Азем Садики (Градоначалник на Општина Студеничани), Орце Ѓорѓиевски (Градоначалник на Општина Кисела Вода), Жарко Ристески (Градоначалник на Општина Македонски Брод), Александар Стојкоски (Градоначалник на Општина Ѓорче Петров), Виктор Паунов (Градоначалник на Општина Карбинци), Ацо Ристов (Градоначалник на Општина Радовиш),

Управнот одбор едногласно го усвои следниот:

ДНЕВЕН РЕД

1. Разгледување на состојбата во општините со донесената Одлука на Владата за забрана за вршење на дејност на субјектите основани од општините заради тарифирање по цени на регулираниот пазар.

2. Разно.

**<u>Дискусија</u>**:

**ПРВА ТОЧКА**:

Управниот одбор ја разгледа состојбата настаната со донесената Одлука на Владата со која на формираните претпријатија основани од страна на општините заради вршење на дејност поврзана со одржување на мрежата за улично осветлување и јавните објекти на општините и установите основани од општините, им се забранува да ја вршат дејноста поради која се основани а со тоа да бидат дел од регулираниот пазар и да бидат тарифирани по повластена цена за улично осветлување. Повеќе општини во Републиката го искористија правото утврдено со Законот за енергетика кој се однесува на малите потрошувачи до 50 вработени или годишен капитален обрт до 2 милиони евра да ја искористат можноста потрошувачката на електрична енергија за потребите на општината да биде тарифирана според цените на регулираниот пазар. Присутните сметаат дека на овој начин се ускратува правото утврдено со Закон, дека Одлуката е неуставна и истата мора да се укине. Оттука беше предложено ЗЕЛС да изготви иницијатива за оценка на уставност ана Одлуката на Владата и да предложи времена мерка со која ќе се забрани нејзина примена до донесува на конечна Одлука од страна на Уставниот Суд. Оваа Одлука на Владата е спротивна на Законот за енергетика и покрај тоа што по некое толкување за истата постои основ да биде донесена поврзано со Одлуката за прогласување на енергетска криза па би можело да се толкува дека станува збор за една од мерките кои се предвидуваат во вакви услови, но истата е на штета на општините.

**ЗАКЛУЧОК:** Управниот одбор ја разгледа состојбата настаната со донесената Одлука за забрана за јавните претпријатија односно правни лица основани од општините да ја искористат можноста за плаќање на цената на електричната енергија по цени кои важат за регулираниот пазар, при што заклучи дека истата е спротивна на Законот за енергетика и дека ги ограничува општините да го искористат правото утврдено со Закон.

Управниот одбор заклучи дека во претстојниот период, не подоцна од 7 дена, ќе поведе постапка за оценување на уставноста на вака донесената Одлука со утврдување на предлог за донесување на времена мерка со која ќе се запре примената на истата.

**ВТОРА ТОЧКА:**

Присутните истакнаа дека ЗЕЛС мора да го реафирмира своето барање заради потребата од итно изменување на тарифникот за цените на електричната енергија, кој се однесува на тарифа за јавно осветлување која во моментот согласно актуелните прописи не постои како издвоена категорија на цена. ЗЕЛС подолг период ги информираше сите институции и тоа Министерството за економија, Регулаторната комисија за енергетика, Министерството за финансии, Министерството за транспорт и врски, кога е укажано дека со последните измени на тарифник, кој важи од 1 јули оваа година, изоставена е цената за јавното осветлување, со што на општините им се нанесува огромна финансиска штета заради помал прилив на средства од наплатена комунална такса која се пресметува по наследената тарифа која важела пред 1 јули, а заради недостаток на нов начин на утврдување на соодветната висина на комуналната такса.

Општините во моментот генерираат огромни загуби, односно и покрај мерките на делумна рестрикција на уличното осветлување, приходот остварен од комуналната такса е незначителен, доколку се има во предвид енормно зголемената цена на електрична енергија која се фактурира кон општините.

Присутните беа информирани дека Министерството за финансии даде согласност и предложи два модела за надминување на овој проблем, односно преку измени на прописите да се даде право на општините самостојно да ја пропишуваат висината на комуналната такса со Одлука на Советот на општината, или да пропишат цена на комунална такса која ќе соодветствува на реалната цена на електричната енергија.

**ЗАКЛУЧОК**: Управниот одбор ја разгледа состојбата поврзана со наплата на комуналната такса за улично осветлување и констатираше дека во услови на недостаток на регулирана цена и наплата на комуналната такса по цена која важела пред 1 јули 2022 година, општините генерираат огромни загуби особено во услови на драстично зголемена цена на електричната енергија, а се поради воведување на тарифен систем со кој се исклучува пропишана цена за улично осветлување, ниту се уредува која од пропишаните цени да се применуваат при пресметката на комуналната такса. Оттука ЗЕЛС упатува барање до сите релевантни институции, да го решат ова прашање и да пропишат цена, која како што претходно беше побарано од страна на ЗЕЛС ќе биде средната цена од дневната и ноќната тарифа која се наплатува за броила во сопственост на домаќинства.

**ТОЧКА РАЗНО:**

1. Одлука за закажување на седница на Генералното Собрание на ЗЕЛС

Управниот одбор ја разгледа информацијата за потребата од свикување на редовна седница на Генералното собрание на ЗЕЛС. Покрај вообичаените точки на дневниот ред, беше отворена дискусија и во однос на потребата од зголемување на висината на членарината кон ЗЕЛС која сега изнесува 8 денари по жител. Потребно е зголемување од најмалку 10 денари по жител со оглед на зголемените цени на услугите и економската и енергетската криза која влијае на расходите на ЗЕЛС, а исто така и со резултатите од последниот попис, бројот на жители е намален што влијае на вкупниот износ на остварни приходи од членарина.

**ОДЛУКА:** Управниот одбор ја свикува следната 3-та седница на Генералното собрание на ЗЕЛС на 15 декември во Скопје со следниот предлог:

ДЕНВЕН РЕД

1. Усвојување на Записникот од претходната седница.
2. Обраќање на Претседателот на ЗЕЛС.
3. Одлука за усвојување на финансискиот план – буџет на ЗЕЛС за 2023 г.
4. Одлука за усвојување на планот на активности – акциски план на ЗЕЛС за 2023 г.
5. Одлука за утврдување на висината на членарината кон ЗЕЛС.
6. Разно.

**Бр. 0202 – 1000/3,**
**10 ноември, 2022 г.**
**Скопје**

**Заедница на единиците на локалната самоуправа – ЗЕЛС,**
**Претседател,**
**Данела АРСОВСКА**